Јули 2023

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА Јавна општинска установа за деца – ДЕТСКА ГРАДИНКА „БАМБИ” населба Чашка – Општина Чашка

## 2022/2023



**ЧАШКА, ЈУЛИ 2023**

# ВОВЕД

Годишниот извештај за работа, претставува законска и статутарна обврска и ја презентира состојбата во врска со организација и реализација на целокупната дејност во детската градинка како организиран вид на згрижување и воспитување деца од предучилишна возраст.

Воспитно- образовната и згрижувачка дејност на децата од предучилишна возраст (2-6 години) во Јавната општинска установа за деца –детска градинка “Бамби” – Населба Чашка, Општина Чашка во текот на 2022/2023 год. се реализираше преку соодветно планирање, програмирање, евидентирање и евалуирање на работата.

Основната дејност - згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализираше преку згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 2 години до 6 годишна возраст односно до вклучување во основно образование. За таа цел, во текот на изминатата година се користеа Основите на Програмата за воспитно образовната работа со децата од предучилишна возраст и имплементација на Стандардите за рано учење и развој на деца од 0 до 6 години.

Од Годишниот извештај за работата на ЈОУДДГ “Бамби” – Населба Чашка, Општина Чашка се добива претстава за спроведените и реализираните активности и програми од областа на:

**→ услови и организација на работата во детската градинка**

**→ воспитно-образовната работа во детската градинка**

**→ работата на стручните тела и органи на градинката.**

## I. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Согласно Националната класификација на дејностите НКД-Рев.2 (Службен весник на РМ 147/08), основната дејност на установата е 88.91 – дејност на дневна социјална заштита на деца.

Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Бамби" е од јавен карактер и е изработен врз основа на следните документи :

- Закон за заштита на децата – (Службен весник бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19) и (Службен весник на РСМ бр. 275/19, 311/20, 294/21,150/22 и 236/2022 );
- Статутот на Установата;
- Годишна програма за работа на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка „БАМБИ" населба Чашка – Општина Чашка за 2022/2023.
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (консолидиран текст април 2019)
- Програма за рано учење и развој (Сл.Весник на Р.Македонијабр.46/14)
- Програма за рано учење и развој за деца со пречки (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/15)
- Програма за едукација на деца од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна (Сл.Весник на Р.Македонијабр.98/14)
- Упатство за планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца.
- Упатство за реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите.
- Стандардите за рано учење и развој.

## II. УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ ЈОУДДГ “БАМБИ” – ОПШТИНА ЧАШКА

Воспитно-образовната и згрижувачката дејност во детската градинка “Бамби” се реализира во еден објект кој е матичен. На почетокот на учебната година капацитетот беше 20 деца во една хетерогена воспитна група од две годишна до шест годишна возраст односно до поаѓање на училиште. Во текот на есента беа превземени градежни активности за адаптација на половина од објектот за добивање уште една градинска група, и една дополнителна административна просторија. По завршените градежни работи и опремување, со решение од МТСП издадено на 30.01.2023 година со деловоден број 11-469/4 зголемен е капацитет на вкупно 36 деца, во две хетерогени групи, на возраст од две до шест години.

Објектот е адаптиран за вршење на дејноста која се реализира, но ги исполнува стандардите и нормативите пропишани за организирање на престој на деца. Објектот е лоциран на ул. “8-ми Септември” ББ Населба Чашка.

Имено, во изминатиот период од страна на ЈОУДДГ “Бамби” населба Чашка, Општина Чашка беа спроведени градежни активности за адаптација на останатиот дел од објектот во кој градинката функционираше и оспособи просторни услови за уште една заминална од 32 m2 и дополнителна една административна просторија од 13 m2. Ако со претходната фактичка состојба градинката располагаше со 138 m2 покриена површина (во која беа вклучени влезен дел, ходници, една занимална, централна кујна, магацин, една заедничка просторија за стручен кадар и простор за изолација, тоалети за деца, тоалет за вработени и перална) и дворна површина од 279 m2 и имаше капацитет од 20 деца, со сегашната површина од 180 m2 покриена површина (во која се вклучени влезен дел, ходници, две занимални, централна кујна, магацин, една административна канцеларија, една заедничка просторија за стручен кадар и простор за изолација, тоалети за деца и тоалет за вработени и перална) и дворна површина од 481 m2, обезбедивме капацитет од дополнителни 16 деца. Со тоа проектираниот капацитет на градинката сега е 36 деца, распоредени во две хетерогени групи (2-6 год.)

Објектот располага со следните простории:

❖ **<u>Простории за деца</u>**

- Занимални - 82,7 м$^2$
- Влезен дел /прием на деца – 3.2 м$^2$
- Тоалети за деца – 16,0 м$^2$
- Ходник со гардероби – 10,0 м$^2$

- ❖ **Економско-технички простории**

- Кујна – 22,7 м$^2$
- Магацин за храна - 5,5 м$^2$
- Перална - 2.3 м$^2$
- Ходник со гардероби за вработени - 3.0 м$^2$
- Котлара – 7 м$^2$

- ❖ **Административни простории**

- Канцеларија за директор – 10 м$^2$
- Заедничка канцеларија за стручен кадар и административен персонал – 9 м$^2$

Занималните се опремени со плакари, масички и столчиња, креветчиња и друг помошен инвентар. Исто така во занималните постојат различни центри опремени со соодветни играчки и дидактички материјал.





Слики од занимална 1



Слики од занимална 2

**Дворната површина на детската градинката** е 481 м2, која е доста функционална, разеленета, има засадено доста дрва и цвеќина. Еден дел е бехатон плочки, а поголем дел е зелена површина со реквизити за на отворено, лизгалки, клацкалки, гарнитура од палети.



Слики од дворна површина

**Степен на опременост со дидактички играчки и други матријали** во оваа воспитна година набавени се дидактички матријали, играчки и други материјали за реализација на работилници, може да се каже дека детската градинка е добро опремена и снабдена.

**Стручна литература** во детската градинка има доволно , опремена е со сликовници, сказни и бајки, книги за вовед во математиката, книги го откриваме светот, детски свет, текнувалки, литература за креативни игри, моето семејство, бонтон, итн.








Од **списанија** во детската градинка се користи РОСИЦА од Просветно Дело. Овие списанија се одобрени од МТСП и се со стручно едукативна соодржина и целосно се искористува секој нов број. За вработените се набавени прирачници за работа односно стручна литература.

**Во периодот од септември 2022 до август 2023 година за нормално функционирање и подобрување на условите во детската градинка е реализирано и следново:**

- Спроведени се следните јавни набавки: јавна набавка за храна, јавна набавка за адаптација на објект и јавна набавка за изработка на проектна документација за основен проект за градинка во с. Мелница .

- Адаптција на половина од објектот во нова занимална и две административни простории. Адатпацијата вклучува спојување на простории, отворање врати за внатрешна комункација, нови прозори, подови, врати, глетовање на ѕидни површини, адапација на постојниот систем за греење.

- Набавка на канцелариски мебел, за една од административните простории, каде се работните места на сметководителот и на набавувачот, а ја користат и воспитувачите.

- Набавка на училишен мебел за двете занимални ( отворени полици за играчки и дидактички материјал)

- Набавени се два телевизори за двете занимални.

- Поставени се венецијанер ролетни во новите простории.

- Набавени се гареробери за персоналот

- Набавени се еден лаптоп компјутер и принтер

- Континуирано се набавуваат униформи за новите вработени, и замена на дотрајаните.

- Набавени се три клима уреди, за новите простории и во кујна.

- Изработка на веб страна на градинката.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Работата во Установата тече континуирано за време на зимскиот и летниот период. Работно време на установата е од 05:30 - 18:00 часот во зависност од потребите на родителите. Реално, градинката е отворена од 06:00 до 15:30, но и подоцна доколку се јави таква потреба.

Во воспитните групи беше организиран адекватен престој за децата со соодветна опрема и инвентар кој беше прилагоден на возраста на децата и нивните развојни потреби. Во преден план беше обврската да се обезбеди безбедна средина, организиран простор за движење, игра и учење, а поттикнувачки фактор беше волјата на детето, инспиративниот материјал и слободниот пристап на детето кон игра и истражување.

Градинката секогаш водеше сметка за воспоставување и примена на поттикнувачкиот фактор кај децата, исполнување на нивните желби и потреби, слободниот пристап кон игра и истражување, а се креираше и применуваше инспиративен материјал. Децата беа поттикнувани пред т.н. проблем ситуации при што преку игра се учеа на решавање на едноставни и посложени ситуации во нивното опкружување. Со богати интелектуални ситуации се провоцираше детската љубопитност исе насочуваа на размислување и решавање на проблемите.

Во планираните активности во преден план беше поставена личноста на детето и неговиот инспиративен карактер.

Воспитно- образовната работа со деца на возраст од 2 до 6 години ја реализиаше воспитувач со асистенција на неговател.

Воспитувачот е креатор и истражувач на својата работа. Неговата работа во градинка се состоеше од: следење на детскиот развој групно и индивидуално, почитување на детските индивидуални разлики, создавање на стимулативна средина за учење , мотивирање на децата за различни видови на активности , поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки, креативни процеси , развивање елементарна способност за самовреднување кај децата , водење (бележење на постигнати резултати кај детето) досие на детето, градење партнерство со семејството, следење и вреднување на воспитно- образовен процес.

## *1. Организација на дневните активности на децата*

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Прием на деца и слободни активности (игри по избор на децата) | до 8:15 часот |
| 2. | Утринска гимнастика | 8:15 ч |
| 3. | Појадок | 8:30 ч |
| 4. | Реализација на дневното планирање | 9:00 ч |
| 5. | Ужинка | 10:00 ч |
| 6. | Реализација на дневното планирање | 10:20 ч |
| 7. | Прошетки,набљудувања и престој на свеж воздух | 11:00 ч |
| 8. | Ручек | 11:30 ч |
| 9. | Пасивен одмор -спиење | 12:00 ч |
| 10. | Ужинка | 14:00 ч |
| 11. | Слободни игри и средување на центрите за учење | 14:15 ч |
| 12. | Заминување на децата | до 16:00 ч |

Детската градинка одговорно го обезбедува севкупниот амбиент кој го подржува позитивното искуство во текот на раното детство вклучувајќи ги и чинителите, родителите, воспитувачите. Сите имаат подеднаква улога во поттикнување на растот и развојот кај малите деца преку креирање на содржини, активности преку игра.

Воспитно-образовната дејност се одвиваше низ разновидни воспитно-образовни активности. Тоа се организираше низ следниве три форми на работа:

→ Слободни активности – како форма на посебно воспитно влијание;

→ Насочени активности – како форма на непосредно влијание, раководење и следење на детскиот развој;

→ Животни активности – како форма на задоволување на детските потреби од храна, одмор, одржување на хигиената и сл.

## 2. *Бројна состојба на децата*

Бројот  на децата е во континуиран пораст, со повремени флуктуации. Моменталната состојба е 34 деца од различна возраст и тоа:







Даден и трендот на движење на бројната состоба на децата за целата учебна година. Со оваа бројка е речиси исполнет капацитетот на детската градинка.

Во едната хетерогена група згрижени се 19 деца на возраст помеѓу 4 и 6 години, а во другата хетерогена група се згрижени 15 деца на возраст од 2 и 4 години. Тука ќе напоменеме дека, за разлика од лани, нема деца кои исполнуваат услови да бидат згрижени во градинката а не е одговорено на барањата на родителите. Постои листа на чекање од 6 деца, но тие се помали од две години, а ние не располагаме со јаслени групи. Можеби ова е показател дека идните планови на установата треба да бидат во таа насока -  создавање услови за згрижување на деца и помали од 2 години.

## 3. *Преглед на вработени*

| Профил | Вид на оразование | Број на вработени | Работен статус |
|---|---|---|---|
| Директор | ВСС/VII 1 | 1 | Определено |
| Воспитувач | ВСС/VII 1 | 3 | Неопределено (породилно отсуство) |
| | | | Неопределено |
| | | | Определено ( замена) |
| Неговател | ССС | 3 | Неопределено (породилно отсуство) |
| | | | Неопределено |
| | | | Определено ( замена) |
| Сметководител | ССС | 1 | Неопределено |
| Готвач | ССС | 1 | Неопределено |
| Садомијач/сервер | ССС | 1 | Неопределено |
| Набавувач | ССС | 1 | Неопределено |
| Хигиеничар | НКВ | 1 | Неопределено |
| | **Вкупно:** | **12** | |

Со институцијата раковиди Директор, избран на јавен оглас со 4 годишен мандат - економист по професија. Има четворица даватели на услуги – два восипитувачи и два негователи, по еден во секоја група, еден административен службеник - сметководител и четири лица технички персонал, од кои две се во кујна, еден хигиеничар и еден набавувач.

Врз основа на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2023 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија и согласно проектот "Креираме можности за работа на сите – IV", поддржан од УНДП, Општина Чашка преку програмата Општинско корисна работа обезбеди дополнителни три лица за работната позиција – Неговател во нашата градинка кои ќе бидат ангажирани во период од 01.07.2023 до 31.03.2024 на скратено работно време, односно по 20 часа неделно. Присуството на овие три лица ќе ни биде многу од корист, затоа што децата ќе добијат повеќе внимание, можност да се зголеми капацитетот на број на деца, полесно ќе го надминеме отсуството поради користење на годишни одмори и ќе добиеме квалификуван и обучен кадар за во иднина кога ќе го зголемиме бројот на групи.

## IV. ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

Детската градинка го унапредува раниот детски развој, ги поттикнува вештините за критичко и креативно мислење кај децата. Децата кои посетуваат градинка стануваат свесни за постоење на различности, причинско последични услови со што го зајакнуваат севкупниот процес на нивното рано учење. Децата најдобро учат кога активностите потекнуваат од нивното сопствено искуство и стекнуваат нови знаења и вештини кога ја истражуваат околината. Градинката е место каде децата имаат можност за воспитно- образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на когнитивниот, социоемоционалниот, физичкиот и моторниот развој, како и развој на јазикот, комуникацијата и описменување и пристап кон учење.

Современите научни сознанија и достинувања на психологијата и педагогијата, како и другите сродни и научни дисциплини, укажуваат дека предучилишната возраст е период на интензивен развој на детето, тоа е период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кој зависи натамошниот развој на идната личност.

**Основни принципи на добри практики во процесот на рано учење кои ги практикувавме во детската градинка се:**

- Планирање на содржините за подучување,
- Уредување и подготовка на средината во која децата учат,
- Изготвување на план и дневна програма на активности,
- Начин на взаемна комуникација со децата, интеракција,
- Проценка на развојните достигнувања кај децата
- Водење досие за секое дете и електронско досие
- Градење на партнерство со родителите

Подготовката на децата да бидат спремни за предизвиците кои ги носи новото време беше приоритет во реализацијата на воспитно-образовниот дел од програмата за работа на нашата установа, особено за дечињата кои ја напуштаат градинката и започнуваат во училиште.

Воспитувачот во текот на целата воспитно згрижувачка година вршеше опсервирање и проценка на достигнувањата и напредокот на детето и врз основа на тоаги прилагодува активностите и стратегиите за учење. Проценката е сложен процес за кој воспитувачот го одредува потребното време, собира иформации, ги евалуира и ги документира во досието на детето.

Во Годишната програма за 2022/2023 година се изработи календар на настани. За секој месец има теми кои треба да се реализираат и воедно од секоја тема има очекувана цел. Програмата се претставува по годишни планови за работа во воспитната група, а воспитувачката при изготвување на своите годишни и месечни планови ги прилагодува според структурата на возраста во хетерогената група, како и условите и можностите во градинката.

Планирањето беше тематското, каде во преден план се детските интереси при што секое дете е ставено во центарот на воспитно-образовниот процес.

Мотивирани од креативните и исполнителни дечиња, на постоечката Fan Page на детската градинка на социјалната мрежа Facebook, со дозвола од родителите, секојдневно се поставуваат слики од дневните активности на дечињата за секоја тема, рецитали, песни, претстави.

**Во учебната 2022/2023 година реализирани се следниве теми:**

| **ТЕМА** | **Месец на реализација** |
|---|---|
| „ Септември во градинка “ | Септември |
| „ Есенско шаренило “ | Октомври / Ноември |
| „ Зимски приказни “ | Декември / Јануари |
| “Весела математика” | Февруари |
| “Пролет иде, се се буди” | Март / Април |
| “Јас во сообраќајот” | Мај / Јуни |
| “Лето иде, весело ќе биде” | Јули / Август |

Преку реализација на сите теми поединечно според месеците на распределба кај децата се овозможува да се постигнат следниве развојни цели: говорна комуникација, развивање на говорни вештини, помнење, ликовно творење, пеење, препознавање на бои, подигнување на свеста за чиста средина, осознавање на празниците и обичаите, развивање на напреварувачки дух, хигиенски навики, развивање на моторика и движење во просторот, запознавање со професиите, правилно однесување итн. со цел да се постигне правилен и нормален развој на дечињата.

**Во учебната 2022/2023 година реализирани се следниве проекти:**

| **Проект** | **Месец на реализација** |
|---|---|
| „ ЕКО ПРОЕКТ – за зелена и чиста градинка“ | Октомври - Декември |
| „ Патуваме околу светот “ | Април - Јуни |
| „ Мали истражувачи “ | Март - Јуни |

***ЕКО ПРОЕКТ – за зелена и чиста градинка***

Селекцијата на отпадот е значаен дел од циркуларната економија кон која се стреми секое модерно општество во борбата со климатските промени и нивните ефекти врз планетата Земја и нашето здравје. Многу е важно секој човек да ја осознае својата улога во зачувувањето на ресурсите, преку селекција и употреба на отпадот како секундарна суровина. Ова беше нашиот основен мотив за реализација на овој проект.

Со Проктот сакавме да создадеме еколошка свест кај најмалите за рационално постапување со отпадот. Во градинката поставивме канти кои се во различна боја и соодветно обележани за селектирање на истиот. Собраните количини на пластика, метал, хартија и стакло ќе ги пласираме во најблиските пунктови за откуп, со што примарно ќе го намалиме отпадот што се носи на депонија, а секундарно ќе оствариме и приход што пак ќе биде наменет за игровен материјал за децата.

И во иднина, во рамките на нашата установа, ќе вложиме макисмален напор да создадеме еколошки навики уште од најмала возраст, да научиме правилно да селектираме отпад и да го упатиме до компании кои се занимаваат со рециклирање на отпад, наместо на депонија.

***Патуваме околу светот***

Патуваме околу светот е проект во кој беа вклучени децата непосредно со нивните родители. Суштината на овој проект беше секое дете да си избере држава која што ја посетил или која што сака да ја посети и да ги презентира нејзините карактеристики, историски знаменистости, нејзиното знаме, традиција, традиционална храна и пијалок и занимливости со кои што ни ја предложијаа на нас слушателите одредената држава да ја посетиме. Децата со помош на нивните родители и градинката имаа изработено Power Point презентација со слики каде што децата преку објаснување на сликите ни ги доловуваа фактите и убавините на избраната држава. Во нашата кујна се подготвуваше и традиционална храна од неколку држави, каде што децата имаа целокупна слика и чувство за истите.

Овој проект овозможи кај децата да се зголеми самодовербата, збогатување на речникот и слободно искажување на своите мисли пред своите другарчиња и пред возрасните, подобрување на самостална работа на дадена конкретна задача и се зголеми желбата и љубопитноста за истражување на дадена тема. Заедно научивме и како треба да се однесуваме според Бон-тон правила додека патуваме во нашата држава и надвор од неа и да бидеме туристи со добра намера.

Патуваме околу светот беше и тема за нашата завршна приредба за идните првачиња со кои што се подготвивме со неколку кореографии и рецитали.

***Мали истражувачи***

Овој проект ни овозможи кај децата да ја зголемиме љубопитноста за истражување, набљудување и добивање информации за нештата кои што се дел од нашето секојдневие. Подготвивме мала лабораторија во нашата градинка со неколку експерименти за восраст од 2 до 6 годишна возраст како што се ерупција на вулкан, мешање на боите од примарни во секундарни, триење на балон од коса и привлекување на лименка. Во нашата лабораторија имавме и микроскоп на кој што имавме ставено ципа од кромид каде што децата воочија дека со микроскопот може да видат и она што не може да видиме со голо око.

Мали истражувачи е проект кој што беа вклучени децата од градинката и воспитнообразовниот кадар и истиот ни помогна кај децата да се побуди интересот за дискусија за она што веќе сме го истражиле, да употребуваат повеќе методи за да дојдат до успешен резултат, да настојуваат успешно да ја завршат дадената задача и да прифаќаат предизвици.

**Преку реализација на воспитно образовната програма и активности кај децата се влијаеше на развој на следниве аспекти:**

- Преку ***грубиот моторен развој*** кај децата се воспостави контрола во просторот и рамнотежата,кординација на деловите на телото при одење трчање,скокање качување по скали.Финиот моторен развој кај децата придонесе за равој на попрецизи активности фаќање,закопчување,отварање,затварање.

- Преку ***социо-емоционалниот равој*** кај децата се постигна воспоставување, интеракција,со социалната средина и личностите кои ги опкружуваат, децата развиваат перцепција за себе си препознавање и прифаќање на своите емоци, градење на социјални врски, решавање на проблем ситуации,поттикнување на пријатни чувства и создавање на пријатна клима за престој насочена игра во групата со деца, комуникација,почитување и практикување на основните човекови вредности како љубов,почит,внимание,бон тон итн.

- ***Пристапот кон учење*** се одвиваше преку развивање на љубопитност и иницијативност, градење на самодоверба, охрабрување насочување на вниманието,поттикнување на самоконтрола и дисциплина,воочување на сопствените можности и способности итн.Децата се стекна со нови знаења и искуства.

- Во рамките на ***развојот на комуникациските вештини*** децата постигнаа можности да соработуваат со околината користејќи ги говорните вештини како и логички поврзан говор.Со читање на разна едукативна литература кај децата се развиваше и поттикнуваше љубов кон печатениот материјал и литература за деца се збогатуваше детскиот литературен речник и се потикнува правилниот говор и изговор кај децата.

- Во рамките на ***когнитивниот развој*** и општите знаења кај децата се развива логиката и размислувањето,истражувањето и откривањето на нови знаења,умеења и навики. Добива и стекнува информаци за средината преку набљудување и манипулирање осознава за човекот како живо општествено суштество ,природта која ги опкружува неживата природа,демонстрира способности да разликуваат звуци гласови како и музички активности со пеење, слушање, следење, ритам и разни форми на визуелна креативност.

***Инструмент на проценка на степенот на достигнување на стандардите по домени***

Во текот на изминатите месеци од страна на воспитувачите се следеа постигнувањата на децата и се забележуваа во нивните досиеа. Во годината има 2 оценувања, а за да се оцени детето треба да се познава 3 месеци и меѓу првото и второто оценување треба да има растојание од 6 месеци.

Во градинката се оценети децата од двете хетерогени групи од (2-6) години

Добиените податоци ги рангираme во четри ранга:

**- Ранг I** - високи постигнувања или најголем број од децата го достигнале стандардот ако скорот е 80 или над 80

**- Ранг II** – надпросечни достигнувања на стандардот или поголем број од децата го достигнале стандардот ако скорот е од 60 – 79

- **Ранг III** – просечни или оптимални постигнувања на даден стандард ако скорот е од 30 до 59. Овој ранг би можел да се подели на Ранг III+ аko скорот е помеѓу 45-59 и Ранг III- ако скорот се движи од 30 – 44

**- Ранг IV** – подпросечни постигнувања – ако скорот е на скалата од 0 – 29 и тогаш велиме дека само мал број од децата ги постигнале стандардите.

Според направените анализи се добиени следниве податоци:

Прва хетерогена група од (2–6) години постигнувања на децата по домени и на ниво на група

- Физичко здравје и моторен развој 95%
- Социоемоционален развој 100 %
- Пристап кон учење 82%
- Јазик , комуникација и разввој на писменост 82%
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења 91%

Постигнувања на ниво на група ***Ранг 1 - 90%***

Втора хетерогена група од (2-6) години постигнувања на децата по домени и на ниво на група

- Физичко здравје и моторен развој 100%
- Социоемоционален развој 100%
- Пристап кон учење 100%
- Јазик , комуникација и развој на писменост 100%
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења 100%

Постигнувања на ниво на група ***Ранг 1 - 100%***

Аритметичка средна вредност на постигнување на ниво на објект е:

***M = 95%.***

## V. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Здравствената заштита и превенција кај децата од предучилишна возраст има за цел да им овозможи на децата правилен раст и развој преку развивање на културно – хигиенски навики, правилен однос кон исхраната односно важност и потреба за здрава храна, спортско-рекреативни активности, културно-забавни, како и сите останати активности и мерки кои ќе допринесат во подобрување и зачувување на здравјето, на емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој кај детето.

Во соработка со Центарот за јавно здравје – Велес редовно се прават здравствено санитарни прегледи на вработените, и тоа на секои 6 месеци за вработените во кујна ( готвач и садомијач/сервер и на секои 12 месеци на давателите на услуги (воспитувачот и негователот) и на техничкиот персонал (хигиеничар и набавувач). Исто така на секои 6 месеци се прави целосна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на објектот. Од страна на Санитарен и здраствен инспекторат се прави редовен инспекциски надзор во градинката еднаш годишно, без забелешки во однос на хигиената во нашата градинка.

Спроведени се и систематски прегледи за сите вработени, за кои законска обврска е да се спроведуваат на секои 2 години.

Исто така направен е елаборат за Проценка на ризик на работни места и Изјави

за безбедност од овластена за тоа компанија , во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа ( Сл. Весник на РМ бр. 92/07).

Систематски беа следени и евидентирани параметрите на раст и развој односно телесната тежина и висина на децата во воспитните групи. Од страна на детската градинка беа реализирани дел од активности од областа на здравствена заштита, односно едукативни предавања и воспитување кое води кон стекнување на здравствено-хигиенски навики се реализираа секојдневно во следните насоки:

- Откривање на содржината и суштината на здравствената грижа и хигиена
- Откривање на начините на искористување на овие навики во полза на сопственото здравје
- Создавање љубов и почитување кон себе и околината

Услов за прием во детската градинка е уреден вакцинален статус. Во нашата градинка немаме деца кои се невакцинирани согласно имунолошкиот календар.

Развојниот процес кај децата во делот „Здравје и моторички развој“ е даден преку следните подрачја:

**Груб моторички развој**, кој се однесува на воспоставување контрола на рамнотежата и координацијата на деловите од телото при одење, трчање, скокање, качување по скали, лизгање, бркање и сл.

**Фин моторички развој**, децата стекнуваат вештина како да ги користат дланките и прстите при фаќање, цртање, закопчување, отворање, сечење и сл. Здраво и безбедно однесување, децата започнуваат да разбираат дека дневните рутински активности и безбедните практики влијаат на нивното здравје и

**Сензомоторен развој**, кој се однесува на стекнувањето на способности тие да воспостават интеракција со околината преку комбинација на сетилата и моторните вештини.

## VI. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Во рамки на установата се организираа редовните приредби и пригодни манифестаци кои се поврзани со одбележување на значајни празници и настани, а надвор од установата организиравме неколку посети на институции и вклучување во настани организирани од други општествени чинители.

Програмата за културна и јавна дејност се реализира според календарот за празници на РСМ, содржините на воспитно-образовната програма и локалните и традиционални празници.

Во прилог се дадени кои јавно–културни активности и работилници се реализирани во оваа воспитна година.

**Одбележување на јавно-културни активности во текот на 2022/2023 година од месец септември:**

- Предновогодишно дружење со Дедо Мраз, делење на новогодишни пакетчиња.
- Приредба по повод Новогодишните празници, и обележување на две година ЈОУДДГ Бамби – Општина Чашка. Промовирање на новите простории.
- Посета на Народниот театар Ј.Х.К. – Џинот. Театарска претстава “Зимска приказна”.
- Априлијада – дефиле под маски и мала забава во дворот на градинката.
- Учество на јавен конкрус “Trash for Art” – од Пакомак – освоено трето место, парична награда од 10.000 денари.
- Велигденска работилница од отворен карактер – боење на гипсени јајца, фотографирање на децата со Зајко.
- Лов на велигденски јајца во дворот на градинката.
- Театарска претстава – “Распеана турлитава” - гостување на АРТ Култ-УРА.
- Завршна приредба и испраќање на идните првачиња








2023
ЈОУДДГ “Бамби” - Општина Чашка














Реализирани работилници  во хетерогената група:

1. **Посета на овоштарник**
    - Запознавање на децата со начинот на одгледување на круши;
    - Искуство со берење на овошје – од дрво на трпеза;
    - Подготовка на компот од набраното овошје;
2. **Сукање на јуфки**
    - Запознавање на децата со традицијата на подготовка на јуфки ;
    - Обавување на цел процес на правење на јуфки;
    - Сензорна игра;
3. **Подготовка на колачиња за Дедо Мраз**
    - Разговараме за сите верувања околу новогодишните празници;
    - Директно учество во процесот на подготовка на колачиња;
    - Поддршка на детската фантазија и возвраќање на внимание за другиот;
4. **Изработка на честитки за празникот на жената**
    - Почитување и внимание за мама, баба, тета и наставничките.
    - Поттикнување на креативноста на децата
    - Песничка за мајката
5. **Велигденска работилница**
    - Велигденски базар – продажба на колачи и зелена пченица
    - Боење на велигденско јајце од гипс.
    - Велигденска фотосесија со велигденски реквизити
6. **Посета на амбуланта**
    - Потенцирање на важноста за грижа на здравјето
    - Запознавање од блиску со професијата лекар
    - Совети за добро здравје

**7. Посета од полициски службеници**

- Потенцирање на важноста на безбедноста во сообраќај
- Запознавање од блиску со професијата полицаец
- Запознавање со сообраќајни знаци и опремата за работа на полицајците








## VII. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Соработката со родителите започнува со првичното интервју при запишување на дете во градинка. Родителите и градинката веќе тогаш започнуваат да разменуваат важни информации со цел да се обезбеди подобро исполнување на потребите на детето. Податоците за навиките и потребите на детето, претходните искуства со градинката се собрани од родителите.

Соработката со родителите се одвива на дневна основа, пред се преку размена на информации со воспитувачите и негувателките. На овој начин, родителите секогаш се информираат за дневни или неделни настани во групата на нивното дете, за важни настани во текот на годината, промени и сл.

Една од најважните форми на соработка се индивидуалните разговори што воспитувачите ги нудат на родителите на децата со цел да ги информираат за секојдневното функционирање на своето дете, неговите развојни способности и потребии да дадат стручни совети за поттикнување на психофизичкиот развој на детето. Секој родител може да побара индивидуално интервју со воспитувачите на групата во секое време.

Соработката со родителите се одвива во текот на целата година преку различни форми: родителски средби, индивидуални средби, групни средби, вклучување на родителите во активностите на градинката, информирање на родителите, педагошка едукација и родителски дружења.

## VIII. РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ТЕЛА И ОРГАНИ НА ГРАДИНКАТА

### 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ ТЕЛА

Во ЈОУДДГ „БАМБИ„ – населба Чашка, општина Чашка согласно Законот за заштита на децата и статутот се формирани следните стручни органи:

- ***Управниот одбор*** на градинката е составен од 7 члена и тоа 3 претставници од основачот, еден претставник од установата, два претставници од родители на деца и еден претставник од МТСП. Управниот одбор на Детската градинка "Бамби" на своите состаноци редовно предлагаше и носеше одлуки за годишна програма за работа, извештај за работа на градинката, финсиски план, план за јавни набавки, годишна сметка, акт за внатрешна организација и систематизација на работните места во установата, како и разгледуваше и одлучуваше за други работи утврдени со закон.
- ***Стручен совет*** го сочинуваат вработените кој вршат стручна работа и остваруваат дејноста во установата и директорот , со стручниот совет раководи директорот. Стручниот совет во текот на извештајната година работеше на следниве задачи, остварување на програмата за работа, учествуваше во формирање на воспитнообразовни групи , учествуваше во планирање , на воспитно образовна работа, спроведуваше новини во работата, учествуваше во сите сегменти , во реализација на програмата за стручно усовршување на воспитнозгрижувачкиот кадар и ја афирмираше градинката преку учество на манифестации, учествуваше во комисијата за следење на електронско следење на педагошка документација и евиденција, соработуваше со МТСП и други дејности од дејноста, учества во тековни подготовки за сценарија, кординирање со работни групи и други работи утврдени со статутот.
- ***Совет на воспитувачи*** го сочинуваат воспитувачите, стручниот тим и директорот на градинката. Во текот на годината советот на воспитувачи редовно се состануваше еднаш месечно а по потреба и повеќе пати во зависност од активностите во градинката. Во текот на годината советот на воспитувачите ја унапредуваше воспитно-згрижувачката работа во соработка со негователките. Секојдневно ја реализираше воспитната работа со деца, континуирано работеше на усовршување на воспитно – образовниот процес и следење на стручна литература. Учествуваше на стручни семинари и обуки, ја развиваше меѓусебната комуникација со родителите, со предлози и идеи учтвуваше во оплеменување, уредување на ентериерот во занималната и градинката вршеше евалуација евидентирање, пренесување и размена на

искустав од непосредна работа со деца. Со идеи и предлози учествуваше во креирање на месечни тематски планови, по возрасни групи континуирано водеше педагошка евиденција во хартиена и електронска форма,активно уествуваше во рамките на воспитната група во реализација на приредби прослави, работилници, куклени престави и во реализација на планираните проекти.

- ***Совет на негователи*** го сочинуваат негователите, стручниот тим и директорот на градинката. Советот на негователи редовно се состануваше во текот на годината, советот на негователи редовно водеше евиденција на деца редовно се грижеше и контролираше здравствената состојба на децата како и превземаше превентивно здравствени мерки , помагаше во реализација на проектните активности, присуствуваше на стручни теоретски предавања , се залагаше за подобрување на условите и хигиената на просториите за престој на децата.
- ***Советот на родители*** беше континуирано известен за сите новини, потреби и носеше одлуки за организација на активностите во детската градинка. Стручните органи во воспитна година се состануваат во согласност со потребите, за иницирање на активности и решавање на определени прашања.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Активностите на Директорот во програмската 2022/23 година беа во насока на реализирање на програмските определби и цели на градинката, водејќи се од реалните потреби на децата, вработените, родителите и локалната средина. Својата севкупна работа ја засноваше согласно законските одредби како и нормативните акти на Градинката, а во непосредна соработка со Министерството за труд и социјална политика на РСМ, општина Чашка, Советот на општина Чашка, како и со други стручни институции, воспитно - образовни асоцијации, стручни лица кои повремено и по укажана потреба беа консултирани.

Директорот имаше активен пристап во поглед на набавки за тековно и инвестиционо одржување на објектот, набавки за храна и пијалоци, набавки на дидактички и нагледни материјали, на играчки и спортски реквизити, набавка и претплати на стручна литература и списанија, набавка на униформи, креирање на програма за стручно усовршување на кадарот, креирање на мени за исхрана, примена на современи средства и методи за работа со децата, следејќи ги педагошките трендови како и афирмација на градинката преку реализација на манифестации и учество во јавни настани.

Во текот на програмската 2022/23 година директорот ги реализираше следниве активности:

- Подготвување на Годишната програма за воспитната 2022/2023 година.
- Подготвување на Годишен извештај за работа.
- Изготвување на Годишен план за вработување и Извештаи за реализација на истиот.
- Изготвување на Годишен финансиски план за 2023 година.
- Изработка на План за јавни набавки за 2023.
- Организација и контрола на финансовото и материјално работење.
- Присуствуваше на сите седници на Управен Одбор, ги информираше членовите за актуелни состојби, за целокупната работа и се ангажираше на спроведување на донесените одлуки и заклучоци.
- Донесување на Одлуки и предлог одлуки кои беа од големо значење за работата на детската градинка
- Ја координираше и насочуваше воспитно-образовната и згрижувачката дејност и предлага мерки за нејзино унапредување.
- Перманентно водеше разговори, консултации, советувања со вработени со цел да се отстранат недостатоците, водејќи сметка за одржување на една добра и позитивна атмосфера за работа.
- Распоред на вработените , организација на замени во време на отсуства.
- Склучување договори за прием на деца преку целата година.
- Редовни средби со вработените во кујна, техничкиот персонал и другите тела во установата.
- Целосно учествуваше во подготвувањето на листите за јадење и набавка на храна со цел да ги задоволи нормативите и стандардите предвидени за исхрана на деца од предучилишна возраст.
- Директорот се залагаше за подобрување на општите услови за работа,

изнаоѓање простор за прифаќање на што поголем број на деца кои се на листа на чекање, со тоа и отворање на нови воспитни групи, нови вработувања и подобрување на стандардот на децата и на вработените во Установата.

- Дополнување и обновување на дидактичките и основните средства за успешно спроведување на задачите предвидени во Програмата

- Активно и непоштедно се ангажираше во насока на афирмирање и презентирање на работата на установата пред надворешната јавност давајќи придонес кон создавање позитивна слика како пример за добро, успешно и одговорно работење.

- Даваше неопходна помош во организирањето и реализирањето на активностите од страна на негувателките и воспитувачите, запознавање со педагошката документација и давање насоки за нејзино правилно водење и и континуирано следење на нивната стручна работа, се воведе и електронско водење на педагошката документација

- Имаше соработка со родителите вклучувајќи ги и во одделни заеднички активности со децата.

## IX. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Професионалниот развој подразбира секојдневно професионално и лично растење на вработените во детската градинка, долготраен, континуиран процес кој започнува од почетокот на подготовката за овие професии и трае до крајот на целиот живот, процес кој се реализира на најразлични начини кој подразбира оспособување на вработените со нови знаења, вештини, способности, стратегии во соодветните области и оспособеност за примена на соодветна технологија.

Во текот на учебната 2022/23 година, беше реализирана посета на следниве обуки:

1. „Имплементација на новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална подршка на дете или младинец, базиран на меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје - МКФ” – Воспитувач и директор

2. “Визионерската работилница - Јавни институции – Директор.
3. “Игровни техники во работата со деца – играта во улога на подобрување на когнитивните и развојните способности кај децата” - Негувател и воспитувач.
4. “Стандарди и компетенции на директорите потребни за водење на установите за деца во клучните подрачја и нивните надлежности и обврски” – Директор
5. “Метод на поттикнување и неговата апликативност во предучилишното воспитание” – Воспитувач.
6. “Градење капацитети на негуватели во предучилишни установи – Програма за социо-емоционален развој” – восиптувачи и негуватели.

Во текот на годината ќе продолжи стручното усовршување на вработените и реализирање на планот за професионален развој.

## X. ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Соглсано Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 10/15, 25/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18) и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (Сл.весник на Република Северна Македонија, бр. бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) водењето на педагошка евиденција и документација е задолжителна обврска која се спроведува во детската градинка и се спроведува преку :

- Водење на дневник за работа за секоја воспитна група во која се реализиравоспитно-образовната работа
- Прозивник за присутност на децата во двете групи
- Главна книга во која се евидентира запишувањето на секое дете во градинката
- Дневник за воспитната установа.
- Досие за секое дете.

Воспитувачките задолжително подготвуваат дневни планирања кои се за секоја група одделно, во кои се води сметка за можностите и интересите на децата и доаѓа до израз и креативноста на воспитувачите. Во нив се планираат содржините, нагледните средства кои ќе се користат, работните матријали и текстови од литературата која ја поседува детската градинка.

Неговвателките во групата ги планираа слободните активности кои беа насочени кон реализација на игри, развивање на хигиенските навики кај дечињата, помош во адаптацијата, ориентација во простор и др.

## XI. НАДЗОР НАД СТРУЧНАТА РАБОТА

Во текот на изминатата година надзор над работата и потврда за исправноста на истата направија следните институции:

1. **Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштитата на децата** – 12.08.2022 – не се пронајдени неправилности во работењето.
2. **Државен архив на РСМ** – 05.09.2022 – не се пронајдени неправилности во работењето.
3. **Државен просветен испекторат** – 09.01.2023 – не се пронајдени неправилности во работењето.
4. **Државен санитарен и здравствен инспекторат** – 12.04.2023 - не се пронајдени неправилности во работењето.

## ЗАКЛУЧОК

Како заклучок на овој извештај може да кажеме дека сме задоволни од тоа како се носевме со предизвиците што ни се појавија во раните почетоци на функционирање на нашата установа. Годишната програма за работа на градинката за учебната 2022/23 ја реализиравме во целост со големо залагање и одговорност на сите вработени. На сите деца им обезбедивме правилна нега и грижа, здрава и топла средина за престој, квалитетна исхрана, квалитетно воспитување и образование согласно со Програмата за рано учење и развој.

Во оваа воспитна година 2021/2022 год беа вклучени 36 дечиња во воспитно-образовниот процес во детската градинка, а од нив 7 дечиња од 1 септември подготвени ќе се приклучат кон образовниот систем во основното образовани.

Раното детство е важно за севкупниот развој за личноста теориите и истражувањата укажуваат на значењето на раното детство за интелектуалниот емоционалниот и социјалниот развој а со тоа и на важноста на организираното создавцање за услови за тој развој.

Еден од најважните сегменти на кој треба да се посвети внимание на работата со деца е да се создаде стимулативна средина исполнета со спокојство , среќа и посветеноста на вработените и децата за успешна реализација на активностите кој ќе му овозможат стекнување знаење и вештини , применливи во понатамошниот развој.

Тоа не ги исклучува родителите и семејствата , напротив ги вклучува како партнери за насочувањето на развојот , воспитанието и образованието на децата.

Остануваме доследни на нашата мисија и исполнително ќе работиме се до остварување на нашата визија.

*Наша мисија:*

Да бидеме сигурна средина која секојдневно обезбедува згрижување, нега и воспитување подеднакво за сите деца под нашиот кров. Стекнуваме нови знаење, ја поттикнуваме креативноста, го охрабруваме критичкото размислување, ја практикуваме здравата и разновидна исхрана, го негуваме убавото однесување и вредности, ги почитуваме различностите!

*Наша визија:*

Да бидеме детска градинка која во својата работа имплементира и реализира различни современи програми и модели на едукативна работа со децата, но и со семејствата, за заеднички на секое од нашите деца да му овозможиме максимално да го развие сопствениот потенцијал, станувајќи независна, слободна, сигурна, задоволна, одговорна и успешна индивидуа во нашата заедница!

**ЈОУДДГ Бамби – населба Чашка, Општина Чашка**
**Директор**
**Елена Михајлова**

_______________________________